УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ и МЕТОДИЈ"- СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ
FACULTY OF DRAMATIC ARTS - SKOPJE

1000 Скопје, п.фах 134; Руѓер Бошковиќ бр. 22, Р.Северна Македонија; тел: +389 2 306 11 88: факс: +389 2 306 12 56; е-маил: fdu@ukim.edu.mk
1000 Skopje. p.fah 134; Rugjer Boskovic 22, Republic of North Macedonia; tel: +389 2 +306 11 88; fax: +389 2 306 12 56; e-mail: fdu@ukim.edu.mk

Бр. 0201-430/2
24.9.2024 година
Скопје

Врз основа на член 73 став 1 точка 2 од Статутот на Факултетот за драмски уметности во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје,( Универзитетски гласник 455/2019), и членот 5 и член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Деканатската управа на Факултетот, на 3-тата седница одржана на 24.09.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Факултетот за драмски уметности**

1. Со оваа Одлука се прецизираат износите од член 5, и се утврдуваат дополнителни надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за драмски уметности – Скопје од член 8 во Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

| БР. | УСЛУГА | ИЗНОС (ден.) |
|---|---|---|
| 1. | **Издавање на потврди по разни основи**<br>- **Потврда за положени испити со дескрипција на предметните програми на македонски јазик**<br>- **Потврда за положени испити со дескрипција на предметните програми на англиски јазик** | **800,00**<br><br>**1.500,00** |
| 2. | **Надомест за материјални ресурси за образовен процес по семестар** | **1.500,00** |
| 3. | **Надомест за спроведување еквиваленција на испити** | **3.000,00** |

2. На студентите запишани на прв и втор циклус на студии на Факултетот, им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и согласно оваа Одлука.

3. Со влегување во сила на оваа Одлука и со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски

студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024),, престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на надомесоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги ( Бр. 0201- 862/2-7 од 22.12.2011 година, донесена од Деканатската управа на Факултетот)

4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник и ќе започне да се применува од 01.10.2024 година.

**Декан**

**Вон. проф. м-р Бесфорт Идризи**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ Република Северна Македонија СКОПЈЕ